**З А П И С Н И К**

**од 32-та редовна седница на Советот на Општина Валандово**
**одржана на ден 05.04.2024 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 11.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа 15 советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За 32- вата редовна седница беше предложен дневен ред од 5 точки.

Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Предлог - Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година;
2. Предлог – Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година;
3. Предлог – Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2024 година;
4. Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2023 година;
5. Предлог – Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово.

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави истиот беше ставен на гласање и со 15 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ беше усвоен.

Беше отворена расправа по записникот од 31- вата редовна седница на Советот на Општина Валандово.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан едногласно со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Предлог - Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ

ТОЧКА 2

По Предлог - Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година беше дадено образложение од страна на Градоначалникот на општина Валандово Перо Костадинов.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 3

По Предлог – Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2024 година никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ

ТОЧКА 4

По Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2023 година никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 5

По Предлог – Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

Записничар
С.Димитров

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков